**„Затвор Шутка“ - подобро затвореник, отколку притвореник!**

**Скопје, 22 април 2018 (МИА) -** Затворската пренатрупаност, нехигиената и супстандарните услови, недоволната медицинска грижа, неефикасноста на правната помош, неспроведување на програмите за ресоцијализација,се само дел од проблемите што укажуваат на нехуманиот и несоодветен третман на осудените лица, а се соддржани и во критиките што континуирано се упатуваат до сите досегаѓни власти за состојбата во македонските затвори.

Стејт департментот во вчера објавениот извештај за човековите права за Република Македонија како едно од најкритичните прашања ја нотираше тортурата во македонските затвори.

Многу малку се гледа од она што се случува зад затворените врати на затворите. Новинарска и фоторепортерска екипа на МИА имаше можност да го посети Затворот Скопје, познат како Шутка, со најголемото притворско одделение во Македонија и на лице место да ја согледа состојбата во еден од затворите во земјава.

Според степенот на обезбедување, степенот на ограничување на слободата и видовите на третман што се применуваат кон осудените лица, Затворот Скопје е казнено-поправна установа од полуотворен вид во која основното обезбедување е физичкото што го остваруваат припадниците на секторот за обезбедување.

Казната тука ја издржуваат мажи осудени на казна затвор до три години, како и рецидивисти осудени со правосилна пресуда до шест месеци.

Во Затворот Скопје се наоѓа најголемото и најобезбеденото притворско одделение во кое се извршува мерката притвор изречена кон машки и женски лица од целата територија на земјава, на кои им се заканува казна над десет години.

**Главната работа во Шутка е притворската**

Директорот на затворот Ѓоко Котевски за МИА вели дека главната работа во Шутка е притворската,бидејќи околу 80 отсто е поврзана со притворското одделение.

Со законот за амнестија бројот на осудениците драстично опаднал. Од затворската управа велат дека изминатите 15 години вообичаено имало меѓу 150 и 200 затвореници, а капацитетот на затворот е 128 осуденици во отворено, полуотворено и затворено одделение. По амнестијата бројот на осудениците е намален на 67, од кои 17 има во затвореното одделение, во полуотвореното и отвореното 46, а во приемното четири лица.

Во притвор има околу 200 луѓе а капацитет е за над 300 кревети. Имало случаи во притворот да има до 460.

- Ти велат има нови за притвор и мораш да се снајдеш да ги сместиш, велат од управата.

Според условите притворското одделение, Шутка не може да се пофали со почитување на човековите права согласно Европската конвенција за превенција на тортура и нечовечно или понижувачко постапување. Понижувањето на притворениците во однос на сместувањето е еднакво како да си осуден и казнет, со тоа што си сместен во тоа одделение.

Ќелиите во тој дел не се реновирани откако е изграден затворот, односно од 1968 година, освен неколку соби кои се бојадисани и малку санирани големите оштетувања.

Најалармантна е состојбата во озлогласеното притворско „В“ одделение, или меѓу затворската полиција попознато како „Ц“. Првиот слој на малтерот на повеќе места е паднат, а каблите околу прекинувачите за струја се оголени и лесно може да се случи да добиете струен удар.

Внатре е мрачно, има едно мало прозорче од кое едвај допира светлина, а досетливите притвореници врзале пластично шише со вода за да го контролираат протокот на воздух во самата ќелија.

Ѕидовите во повеќето ќелии се насликани од креативни притвореници. Во некои од нив се чувствувате како да сте во манастирски, а не во притворски ќелии, насликани се икони, со потпис на нивните автори.

Подот е руиниран, како во напуштена куќа, половина е обложен со паркет, половина соголен. Во простор помал од шест-седум квадратни метри има два до три, а некаде и четири кревети, мала масичка и тоалет така наречен „чучавец“, што притворениците го затнувааат со пластично шише свртено наопаку, со цел да се спречи навлегувањето на непријатниот мирис во просторијата.

Храната што ја добиваат за време на посетите најчесто е оставена на подот околу креветите.

Додека екипата на МИА беше во посета на озлогласеното притворско „В“ одделение притворениците извршуваа дел од дневната рутина, шетање во кругот на затворот од неколку часа, а после тоа пак се враќаат во своите ќелии.

Притворското одделение може да се пофали со „хашките соби“ кои затворот ги изгради по барање на ЕУ за потребите на Судот од Хаг. Собите ги задоволуваат стандардите како на модерен европски затвор, но тие се само неколку.

Не можевме да дознаеме кои затвореници се сместени таму но по она што можеше да се види се гледа дека се соби за ВИП личности.

Обезбедувањето во затворот е зајакнато и со припадници на ПЕП силите, пред се, како што ни појасниjа во управата, поради тоа што во притворското одделение, има лица кои се

обвинети за дела поврзани со тероризам. Во притворот има лица од случаите Диво насеље, настаните од 27 април во Собранието, од пукањето во Тетово.

Работата во притворот ја оценуваат како потешка. Едно притворено лице, вреди за десет осуденици, буквално му ги опслужуваш сите потреби, треба многу работа околу нив, велат од затворската управа.

**Затворски приказни**

Екипата на МИА го посети затвореното одделение на Шутка, каде имаше прилика да поразговара со некои од затворениците, кои тука отслужуваат затворска казна.

Условите за сместување се солидни, но секако далеку од европските стандарди, но затворениците, кои претходно биле во притвор, во овие ќелии, велат дека се чувствуваат како во хотел. Таму казна отслужуваат 17 осуденици. Во собите затворениците се сместени по три до четири лица, во кои хигиената ја одржаваат сами

Еден од осудениците во Шутка, кој отслужува затворска казна за учество во толпа, за протестот на 5 мај 2015 година пред Владата за убиството на Мартин Нешковски не е задоволен од новата управа на затворот.

Во разговор за МИА вели дека го посетиле невладини организации, но условите во затворот не се подобрени.

Нашиот соговорник се пожали на нефер осуда, за која тврди дека не е виновен и дека е наместен од тогашните структури на власта да издржува казна затвор.

Од условите во затворот имаше забелешка на лекарската помош. Вели по неколку пати бара, но не му се овозможува преглед. Храната вели дека е лоша, но сепак има подобрување во однос на порано. Многу пречи, рече тој, што во затвореното одделение нема телефонска говорница да се слушнат со семејството и да прашаат за нивната здравствена состојба.

Се пожали на третманот од воспитувачите. Тој разговара само со началикот за ресоцијализација, а со другите не сака да зборува.

Вели нема никаков контакт со надворешниот свет. Вратата се отклучува само за терапија и за исхрана, и според него, никогаш не било вака.

Нашиот втор соговорник кој имаше уште 60 дена до истекот на казната, а кој е осуден за киднапирање, се пожали на селективност на затворската управа во однос на помилувањето.

Тој смета дека веќе треба да биде излезен, но не го пуштаат затоа што според нив, му била најдена недозволена супстанца во урината. Побарал крвна анализа, но не му било дозволено да направи. Ни кажа дека истото тоа му се случило на негов цимер од ќелијата

и тој дента кога екипата на МИА беше во посета на Шутка добил дозвола да си замине дома, иако според нашиот соговорник имал уште да одлежи. На такви селективни правди се пожалија и други затвореници.

**Корупција во затворот**

Затворската управа вели дека успешно се справува со корупцијата меѓу затворските службеници, велат навремено реагираат на секој сомнителен случај. Имало наоди за одредени случаи на корупција, но како што појаснија има насоки, како да се преземаат мерки со цел оваа појава да се сведе на минимум.

- Прашањето со корупцијата во затворите е мошне експлоатирана во јавноста, но за нас релеватно е ако има докази. Сега има индиции и ги преземаме сите законски мерки што ни се на располагање за да го спречиме тоа, велат од затворот.

Во Шутка моментално казна отслужува еден од вработените во затворската служба во Идризово, кој е обвинет за корупција.

Можноста затворениците да ги поткупуваат вработени во затворот за да добијат одредени погодности, според затворската управа е сведена на минимум, бидејќи како што појаснуват храната е на високо ниво, просториите кога е студено соодветно се затоплуваат, се почитуваат стандардите за седум часа слободно движење за време на викенд, годишниот одмор.

Сепак со затворениците со кои разговаравме ни кажаа дека доколку сакаш да обезбедиш мобилен телефон во затворот за тоа ќе треба да платиш 200 евра. Мобилните секако се забранети, како и во сите затворски установи.

Според, Управата на затворот, имало еден случај на корумпиран припадник на затворската полиција. Тој бил ставен во притвор и добил ослободителна пресуда.

Во затворот има 103 униформирани полицајци кои се грижат за безбедноста.

**Шутка се подготвува за нова програма за ресоцијализација**

Шутка се подготвува за нова програма за ресоцијализација, која новата Управа веќе почнува да ја спроведува, а тоа се посети на културно уметнички настани за најпримерните осуденици, збогатување на библиотеките, организирање работилници и културно уметнички настани за самата установа од осудениците и со гости уметници.

Дента кога екипата на МИА беше во посета на затворот беше најавена посета на 10 затвореници во кино која мерка ја најави директорот на затворот Котески заедно со министерот за култура Роберт Алаѓозовски, а која ќе преставува можност за подобра ресоцијализација и подобра атмосфера во затворот.

Затворениците се работно ангажирани во бифето, кујната, автомеханичарската работилница има и столарска и браварска работилница, ама овие две не функционираат, но, како што велат работат на проекти да се вратат во функција.

Од затворот најавија и изградба на некој вид на стационар за кучиња скитници кои секој затвореник ќе задолжи по едно, а после одлежувањето на казната ќе може да си го вдоми. Од затворската управа најавија и нови вработувања во делот на затворот, а кои ќе бидат фокусирани на препород и економија, за што веќе е побарано до одобрение од Министерството за финансии.

Од затворот велат дека не се сите затвореници исти и токму поради тоа третманот со нив е различен. Појаснуваат дека затворениците користат соодветен третман, но пристапот е индивидуален во однос на поволностите што ги добиваат, а сетоа тоа зависи од нивната напредна состојба и поведение.

- Не се сите осудени лица исти, некој можеби ќе ги користи законски предвидените погодности, како што се викендите, а тоа се максимум 15 дена, но некои тоа нема да го искористат и не треба да ги искористат. Како ќе го мотивираме ние осуденото лице да учествува и да работи ако му се даваат поволностите за отсуство, а при тоа да не се бара од него да учествува во ниту една активност, појаснува началникот на секторот за ресоцијализација Марјан Јошевски.

Во обрасците за затворениците се водат податоци за нив, кои ги внесуваат воспитувачите кои работат од првиот ден со нив, но се водат белешки и доколку самите избегнуваат каква било комуникација со вработените.

**Отворено и полуотвореното одделение, на чекор до дома**

Во отвореното и полуотвореното одделение се сместени 46 осуденици. Овие одделенија се надвор од ѕидините на затворениот дел во Шутка.

Во затворот отворениот и полуотворениот дел се еден до друг, а затворениците се движат заедно во ист круг, кој е издвоен од затворениот дел и притворскиот.

Во собите затворениците се сместени по три до четири лица, а во секоја соба има телевизор.

Во отворениот дел затворениците можат да користат спортски терен библиотека, во близина е и механичарската работилница, во која се сервисираат дел од помалите дефекти на возилата кои ги поседува затворот.

Затворениците во отворениот дел беа расположени за фотографирање а некои од нив и да ни раскажат дел од нивната приказна за делото за што се обвинети.

Пари за реновирање на затворот во моментов нема. Директорот Ѓоро Котевски вели дека во моментов тие се обидуваат со средствата што им се на располагање нешто да реконструираат.

- Во моментов со наши сили се обидуваме нешто да реконструираме, инвестиции нема, барем не оваа година, за понатаму очекуваме, додава тој.

Како што ни кажа во Идризово е најавено дека ќе се гради ново притворско одделение, во кое ќе се префрли притворот, а потоа се очекуваат реновирање на Шутка, која треба да стане установа од целосно полуотворен тип. Но рокови за овие планови засега нема.

**Ана Цветковска**

**Борис Куноски**

**Затворска корупција – Мобилен со интернет за 600, без интернет до 200 евра**

**Скопје, 1 мај 2018 (МИА)** - Мобилен телефон со интернет, стар неколку години чини 600-700 евра, мобилен без интернет само за да се јавиш, чини околу 200 евра, телевизор 32 инчи 500-600 евра, душек половен 1.000 денари, мал замрзнувач 200 евра... ова се дел од цените во затворот Идризово за забранетите работи до кои доаѓаат затворениците.

Недоволната кадровска екипираност на затворските службеници, нивната необученост и лошиот материјално-финансиски статус, непрофесионалноста изразена преку прекумерна употреба на сила и појавите на корупција се дел од причините за нехуман и несоодветен третман на осудени лица, според Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот мај 2016 јануари 2018, изработен од Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ и Институтот за европска политика.

И Стејт департментот во својот извештајот за човековите права за земјава меѓу другото како најкритично го нотираше прашањето за тортура од затворските чувари.

Експертите велат во македонските затвори не владејат законите на Македонија, туку затворски закони, а корупцијата која не само што е незаконска, туку ги повредува и човековите права на затворениците во казнено поправните домови во земјава.

Во обид да дознаеме повеќе зошто постои корупцијата во затворите, новинарска екипа на МИА во втората сторија посветена на условите во кои функцонираат македонските затвори разговараше со затворската полиција и затворениците во Идризово и Шутка,при што добивме реиси идентични искази.

Од она што можевеме да забележиме е дека нискиот економски стандард, старите и дотраени униформи, недостигот на кадар, невреднувањето на ризикот со кој се соочуваат полицајците во затворот, се дел од причините за коруптивниот систем кој владее во казнено-поправните установи. Секако тука се испреплетува и криминогената структура на самите осуденици, за чие менување најважен е апскетот на нивната ресоцијализација.

**Бизнисот со мобилни најисплатлив во КПД Идризово**

Мобилни телефони, посета на затворскиот лекар и заболекар, фрижидер се некои од услугите кои затворениците од Шутка и Идризово ни кажаа дека можат да ги добијат во затворот по одредени цени.

Во разговорот за МИА велат дека корупцијата изминатите месеци е намалена, но не целосно искоренета. Сепак се уште некои поволности можат да ги добијат за одредена цена од вработените во затворот.

Ситуацијата со коруцијата во минатото била многу полоша, оценуваат тие. Сега состојбата некако е повеќе ставена под контрола, но сепак во затворот може да се купат одредени работи, од кои некои затвореник не смее да ги поседува.

Еден од затворениците со кои екипата на МИА разговараше во Идризово, таму е четири месеци. Три месеци минал во притвор. Отслужува казна за финансиски измами и тешка кражби.

Тврди вршел „услуги“ за вработени во МВР, од кои некои биле на високи функции за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Отворал фиктивни фирми, на кои се водел како директор и само го ставал својот потпис за активностите на фирмите, кои биле легално отворани, ама начинот на кој работеле излегувал од рамките на законот.

Осуден е на 15 години затвор во отсуство за финансиски измани и на пет и пол години за тешка кражба. Заедно со притворот веќе седум месеци е зад решетки. Сега за сите дела треба да одлежи вкупно седум години. Казната му истекува во 2025 година.

Сместен е во приемното одделение на затворот, за кое вели дека во моментот е најдоброто.

- Луѓето тука најмалку посегнуваат по неубави работи, прават најмалку сплетки, имаш повеќе можности да се ресоцијализираш и да најдеш работа кога ќе излезеш, вели нашиот соговорник.

Во приемното одделение во Идризово моментално има 68 осуденици, кои чекаат на третмат и сместување во некои од затворските крила.

Вели дека доброто поведение не се цени вистински. Повисоките кадри на затворот, вели ценат, но затворските стражари не.

- Нема да ти го земат мобилниот телефон, но за тоа си им должен појадок, ручек, вечера, кафе, сок. Не дај боже да ти се случи да ти побара лимон, банана, киви, а да немаш, нагласува нашиот соговорник.

Затвореникот за да добие третман, мора да мине 30 дена во приемно одделение. Среќа е да останеш во приемно и да добиеш некој ангажман. - Во затворениот дел е многу тешко. На некои од затворениците не им е дозволена посета додека не почастат некој од вработените во затворската служба. Станува збор за сума од 500, илјада денари, појаснува тој.

Претходно МИА во разговор со лица кои веќе отслужиле затворска казна дозна дека за каква било услуга во затворот затворски полицајци се удирале со раката по градите и велеле „Пестотини пати ти кажав дека...“ или „Илјада пати ти кажав дека...“.

Нашиот соговорник од Идризовово вели дека сега тоа повеќе не се случува.

-Тој човек двесте пати, петстони пати....сум ти кажал повеќе го нема. Префрлен е во арестанско одделени, додава тој и нагласува дека сегашните заповедници се многу почесни од претходнте.

-Тие што бараа огромни суми повеќе не се тука, не дека сега нема такви кои бараат, ама не се како претходните, да те стават во најлоши услови за да те натера да ги поткупиш, додава тој.

Вели во затвореното одделение ако те боли заб мораш да го почастиш командир за да те однесе на заболекар. Цената е петстотини до илјада денари да те однесе од врата до врата.

На затворениците пари им праќаат домашните. Нашиот соговорник вели дека може месечно да добиеш два пати по пет илјади денари и тие се чуваат во благајната на затворот.

Голем бизнис во затворот се мобилните телефони. Затвореник не смее да поседува мобилен, но повеќето имаат. - Тоа е нешто што не може да се крие, ако сака затворската управа веднаш ќе те фати. Сигурно имаат човек кој профитира од тоа. Обичен телефон кој може да послужи исклучиво за телефонски разговор чини најмалку осум илјади денари, вели тој и додава дека цената може да достигне и до 200 евра.

Кога ќе стигнат телефоните тие се делат, потоа може да бидат конфискувани од затворските служби, кои потоа повторно ги препродаваат, раскажува тој.

Клучот за капење го има еднаш еднаш неделно , како и другите затвореници. Вели ако имаш врски клучот можеш да го добиваш и почесто.

Два пати во месецот домашните му праќаат пакети со храна. Самиот си готви, бидејќи како што вели не е задоволен од затворската храна. На менито имаат риба, пире, грав, ориз, храна, која се јаде и надвор, ама вели дека проблемот е доставата.

-Храната се остава на улица, од кујната додека да се разнесе до одделенијата, се остава во картонски кутии на земја и треба некој да ја преземе. Додека да ги најдат тие што ја носат храната може да поминат 20 минути, ама во затворот има голем број мачки и некогаш се случува тие да ја пробаат храната пред затворениците. Можеби храната не е толку лоша, колку што е лоша испораката и нехигиенските услови, раскажува тој.

Поради тоа тој самиот си готви. Има решо и фрижидер. Фрижидерот го платил десет илјади денари. Вели дека тој ист фирижидер може да му го земат и потоа да го продадат во друго затворско крило.

**Затворските служби не ја негираат корупцијата, но преземаат се за да ја искоренат**

Заменик заповедникот во Идризово Алук Сали, кој е вработен во затворот околу 11 години вели дека таму корумптивни полицајци имало и дека тие случаи се решени со затвор.

Има колеги, рече тој, што лежат затвор, колеги кои се под истрага и за кои постои сомневање дека прават кримнал.

- Има случаи на корупција, но тие случаи се решаваат. Има колеги кои лежат затвор поради такви случаи, колеги кои се под истрага, за кои постои сомневање дека прават кримнал. Ситуацијата ја следиме и ако дознаеме и ако ни ги посочуваат со сигурност реагираме, вели тој.

Нагласува дека сепак корупцијата не е на нивото на кое тоа се пласира во јавноста. –Но дека има многу, тоа е само изговор од осудени лица кои не се задоволни од некои услови во затворот, рече Сали.

Вели дека имало случаи кога на два ката работел со околу 400 осуденици. - Сам не можете да му побарате пари на осуденик, бидејќи знаете дека сте во затворен простор, тука еден збор сите се ќе го дознаат во кус временски рок. Не велам дека сто проценти нема корупција, но работиме на тоа, доколку се согледа таков случај веднаш да изреагираме, нагласува Сали.

Иако затворениците имаат забрана да користат мобилни телефони, затворските власти не негираат тие псоедуваат мобилни.

-Затворениците имаат мобилни телефони, ги кријат, ако ги фатат не кажуваат дека се нивни. Секојдневно правиме претреси и секој ден наоѓаме по некој мобилен, имаме осуденици, кои соработуваат со нас, додава тој.

Над десет чувари се избркани од работа поради корупција, нагласи во разговорот за МИА заменик-директорот на Идризово Феми Јонузи.

Појасни дека лани 12 вработени од затворската полиција по разни основи ја напуштиле установата, а оваа година треба да ја напуштат уште 12 до 13 лица, а некои од нив се се поврзани со случаи на корупција. Некои од нив се избркани поради тоа што се фатени како сакаат да внесат мобилни телефони во затворот.

Четири до пет од нив издржуваат казна затвор за корупција, а еден, како што дозна МИА за време на посетата на затворот Шутка, казната ја отслужува во таа казнено-поправна установа.

Негираат дека дилањето дрога оди преку вработени во затворот и велат дека тоа се случува преку пакетите, кои им се праќат на затворениците, понекогаш дрогата се фрла и преку затворскиот ѕид.

Имало случај кога било фатено лице како преку ѕид во затворот фрла одредени работи, меѓу кои мобилни телефони, кои потоа се препродаваат во затворот. Истрагата сега за таквите случаи ја води МВР, додаваат од затворот.

Затворската управа на Шутка вели дека успешно се справува со корупцијата меѓу затворските службеници, велат навремено реагираат на секој сомнителен случај. Имало наоди за одредени случаи на корупција, но како што појасниjа има насоки, како да се преземаат мерки со цел оваа појава да се сведе на минимум.

Можноста затворениците да ги поткупуваат вработени во затворот Шутка за да добијат одредени погодности, според затворската управа е сведена на минимум, бидејќи како што појаснуват храната е на високо ниво, просториите кога е студено соодветно се затоплуваат, се почитуваат стандардите за седум часа слободно движење за време на викенд, годишниот одмор.

Според, Управата на затворот Шутка, имало еден случај на корумпиран припадник на затворската полиција. Тој бил ставен во притвор и добил ослободителна пресуда.

Во затворот има 103 униформирани полицајци кои се грижат за безбедноста.

**Условите на затворските полицајци, причина плус за корупција во затворите**

Не може да се гарантира дека нема коруптивни полицајци, вели Сали во разговор за МИА, но ги потенцира и лошите услови во кои работат затворските чувари.

Во затворот има вработено 254 лица, а 184 се униформирани полицајци. Тоа е еден полицаец на 200 затвореници, а најмала бројка според законот е еден затворски полицаец на осум затвореници.

До 31 јануари 2018 година во КПД Идризово, најголемиот затвор во земјава, биле сместени 1.786 осудени лица, а по амнестијата бројката се намалила на 1.357, заклучно со 11 април, од кои 102 се во бегство.

Во разговор со полицајците дознавме дека просечната плата е околу 13.500 денари и дека со прекувремените часови доаѓаат до сума од 18.000 до 22.000 илјади денари во зависност и од стажот.

Тие се жалат дека не се третирани како сите полицајци во МВР, иако ги имаат истите овластувања и многу поризична работа. Мора да обезбедуваат околу 40 лица со доживотни казни и осуденици за секакви други дела.

Велат еден полицаец надвор со осуденик работи два до три часа, од суд во притвор, тој потоа доаѓа во затвор.

- Ние сме 12 часа околу нив. Јас не ги осудувам затворениците, нив ги осудува судот, но сепак станува збор за лица, чие однесување е поинакво од однесувањето на еден стабилен човек, кој не направил криминал. Првиот ден кога дојдов мислев дека повеќе нема да работат тука, дека нема да се вратам, но останав, вели Сали, кој е дипломиран детектив.

Поради оваа алармантна состојба со чуварската служба од Идризово бараат да се вработат најмалку 35 нови полицајци, за што како што ни кажа заменик-директорот Јонузи веќе испратиле барање до Министерството за финансии.

Тој додаде дека се поднесени се тужби за неисплатени прекувремени работни часови на затворските полицајци. На суд добиле околу 25 милиони денари, а има и втора група која тужи и тие, како што рече Јонузи ќе добијат околу 25 милиони денари.

Одговорноста за условите во кои работи затворската полиција ја препишуваат на претходното раководство, а се надеваат дека доколку се одобрат новите вработувања ќе можат поефикансно да се посветат на обезбедувањето на осудените лица и спречувањето на корупцијата во затворот.

**Борис Куноски**

**Ана Цветковска**

**Затворска ресоцијализација: Еден воспитувач на околу сто затвореници**

**Скопје, 6 мај 2018 (МИА)** - Еден воспитувач на околу сто затвореници, осуденици кои велат дека никогаш не ги виделе своите воспитувачи, простории наменети за ресоцијализација зафатени со кревети на кои спијат затвореници, вака отприлика изгледа состојбата со ресоцијализацијата на лицата осудени на отслужување затворска казна во земјава.

Неофицијално, според податоците на невладиниот сектор, околу 60 отсто од затворениците прават рецидив и се враќаат во затворите. Наместо да се ресоцијализираат повеќето од нив во казнено-поправните установи во земјата се докриминализираат.

МИА со цел да добие повеќе сознанија за овој процес ги посети најголемиот затвор во земјава КПД Идризово и Затворот Скопје, познат како Шутка.

Состојбата е далеку од завидна, се прават обиди за подобрување на условите, но целиот процес се уште не е заживеан.

Проблемите се многубројни. Капацитетите за затворско сместување, немање доволно кадри кои би биле вклучени во процесот, реално непостоење континуирани програми кои би се спроведувале во таа насока.

Има помош од странство, УСАИД, Советот на Европа, ЕУ за обука на кадрите за ресоцијализација и за самите осуденици да заживеат и престојот во установите, кои треба да го поправат нивното однесување навистина да служи за таа цел, но по завршувањето на проектите и странските пари процесите се стопираат, државата нема средства да ги продолжи.

Премиерот Зоран Заев лани во септември го посети затворот Идризово. Тогаш рече: „Се срамам што сум премиер на земја каде што затворите се надвор од сите стандарди на хуманост и социјалниот аспект на животот на лицата кои се осудени и издржуваат казна во казнено-поправниот дом Идризово“.

**Клучен проблем - преполните капацитети**

Во Извештајот во сенка за поглавјето 23, изработен од Хелсиншки комитет и Институтот за европска политика се вели дека пренатрупаноста во затворите и натаму е алармантна, но сепак најкритична е токму во Идризово. Официјално има капацитет за сместување на 1.094 лица, а според Комитет за превенција на тортура таа бројка е 900. Пред амнестијата во него имаше 1.786 лица, што беше пренатрупаност од 163,25 проценти.

Во затворот, стар околу 80 години, се сместуваат речиси 60 отсто од затворениците во земјава. По законот за амнестија, усвоен во јануари, си заминаа 620 лица.

Снежана Нешоска, заменик-раководител на Секторот ресоцијализација во КПУ Идризово, во разговор за МИА вели дека поради пренатрупаност на капацитетот во Идризово до 31 јануари 2018 година било мошне тешко да се работи со толкава бројка.

Во затворот има 25 воспитувачи, а четири се во приемното одделение. Бројот на кадарот за ресоцијализација е недоволен за опслужување на толкава бројка осуденици, која, како што информира Нешоска со амнестијата се намалил на 1.357, заклучно со 11 април, од кои 102 се во бегство.

Во затворот има вкупно 254 вработени, од кои 70 се во администрацијата, во кои спаѓаат и воспитувачите, а другите се униформирани. Има еден психолог, но Нешоска вели дека се потребни повеќе, тој еден не може насекаде да постигне.

-Еден воспитувач, вели Нешовска, пред амнестијата работел со над 120 затвореници, а и сега состојбата не е подобрена.

Казната затвор тука ја издржуваат машки лица осудени на над три години како и машки лица рецидиви, осудени на затвор над шест месеци

Единствено во КПД Идризово постои посебно одделение за женски лица, кои се осудени со правосилна пресуда на затворска казна или малолетнички затвор независно од висината на казната. И единствено тука има доживотен затвор за мажи и жени, како и казна затвор изречена кон машки и женски лица странски државјани и лица без државјанство.

Капацитетот на Затворот Скопје е 128 лица, а по амнестијата казна отслужуваат 68 затвореници, од кои 17 се во затворено одделение, 46 во полуотворено и отворено, а четири во приемно. Во притворскиот дел, пак има околу 200 луѓе, а капацитет е над 300 кревети.

Во разговор за МИА, раководителот на Секторот за ресоцијализација Маријан Јошевски вели таму има шест воспитувачи, меѓу кои педагози, социјални работници, но затворениците немаат психоло. Во Шутка казната ја издржуваат машки лица-примарни сторители, осудени со правосилна пресуда до три години како и машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до шест месеци.

Во Шутка еден воспитувач работи со над 20 затвореници. Според европските правила, појаснуваат од затворот еден воспитувач треба да работи со 10 до 15 затвореници. Сепак во Шутка, оваа бројка се должи на амнестијата бидејќи претходно еден воспитувач работел со 100 затвореници.

Во затворот во Идризово кон крајот на мај се очекува свечено пуштање во употреба на новите објекти, со што конечно ќе се означи крај на првата фаза од реконструкцијата, која е најавувана од 2013 година од претходната влада на Груевски.

Заменик директорот на затворот Феми Јонузи во разговор за МИА вели дека во новите објекти има капацитет за сместување на околу 567 осуденици. Сега сите осуденици, без разлика на третманот, се сместени во еден објект.

Моментална бројка е 260 осуденици со полуотворен третман, а 90 лица во отворено одделение, преостанатите се со затворен третман. Остатокот до 567 во новите објекти ќе се пополни со осуденици, кои со амнестијата ќе добијат помали затворски казни.

- Со законот за амнестија се намалува истекот на казната на одредени лица, што сега имаат затворен третмат и постои можност некои од нив да минат од помалку либерален во полиберален третман и со тоа да се пополни капацитетот во новите објекти, појаснува Нешоска.

**Полесно е да воспоставиш контакт со директор, отколку со воспитувач**

МИА за време на посетата на двата затвора разговараше со осуденици и нивните искуства со ресоцијализацијата.

Полесно е да воспоставиш контакт со директорот, отколку со воспитувачот, велат некои од нив.

- Најболно е тоа што нема професионалци, кај кои можеш да отидеш и да го раскажеш својот проблем. Начинот на кој тука работат воспитувачите мора итно да се смени. Начинот на кој се однесуваат со нас е еднаков на нула, потешко е да дојдеш до разговор со нив, отколку да дојдеш до директор, заповедник. Командирите ако не на прва, на втора или третаа молба, сепак, ќе те повикаат на разговор за да видат во што е проблемот, вели осуденикот од Идризово, кој отслужува седумгодишна затворска казна за две дела, финансиска измама преку фиктивни фирми и тешка кражба, за кои тврди дека не ги извршил и дека е наместен.

Сместен е во приемното одделение, кое во моментов се смета за најдобро во Идризово, бидејќи, како што вели луѓето тука се најпримерни во однесувањето.

Додава дека при приемот не му е направена професионална проценка. Во приемно има четири воспитувачки, а тој се уште нема разговарано со ниту една од нив.

- Немам видено психолог, има еден психијатар, што е побудала од сите, додава нашиот соговорник, кој е рецидивист.

Во овие седум месеци не бил вклучен во програми за ресоцијализација, сам се ресоцијализира од дома му праќаат расад и сади во градината во одделението.

Нешто што би сменил е сите затвореници да бидат работно ангажирани, а не неколкумина.

- Треба некого да намачкаш за да бидеш работно ангажиран. Може да се работи во пекара, амбуланта, како електричар, столарија, резба односно во препород, ама тоа се затвори пред два месеца, вели осуденикот од Идрозово.

Еден од осудениците во Шутка, кој отслужува затворска казна за учество во толпа, за протестот на 5 мај 2015 година пред Владата за убиството на Мартин Нешковски не е задоволен од новата управа на затворот.

Во разговорот вели дека во затворот разговара само со началикот за ресоцијализација, а со другите не сака да зборува.

Вели нема никаков контакт со надворешниот свет. Вратата се отклучува само за терапија и за исхрана, и, според него, никогаш не било вака.

Се жали дека неколку пати барал да биде прегледан од лекар и оти немаат соодветен лекарски третман.

**Програми има, нема континуитет, кадри и услови за работа**

Нешоска нагласува дека во Идризово има специфични програми за работа со осудени лица, но досега не им била дадена можност да работат по нив.

- Досега не ни беше дадена можност тоа да го работиме, бидејќи на еден воспитувач доаѓаа по околу 120 осудени лица. Многу е тешко да се работи во група од 120 осуденици, кои ротираат, односно го менуваат третманот од затворено, во полузатворено или отворено. Нема континуитет во процесот, појаснува таа.

Планот на казната на секој осуденик во затворите се изработува во приемното одделение од стручен тим, составен од педагог, психолог, криминолог. Се прави проценка што е унифицирана во сите затвори која ги опфаќа криминолошката, социолошката, психолошка, медицинска анамнеза и врз таа проценка се изработува план и програма за тоа како ќе тече казната. Се изработува индивидуален план на казната, се оценува дали е потребна трудова работа, морално-етничко воспитување и согласно планот се прави спефицична програма.

Јошевски појаснува дека неговиот тим работи со сите затвореници посебно во првите денови од приемот.

Со инструментот за проценка, додава Јошевски, се мери и степен на ризик од рецидивизам.

Доколку осуденикот во Идризово е зависник му се доделува метадонски третмат, што веќе десет години е присутен во затворот. Пред амнестијата бројот на метадонски зависници кои отслужуваат затворска казна изнесувал 260 лица, по амнестијата се намалил на 160, вели Нешоска, но додава дека, сепак, останува прашањето дали таквите поранешни осуденици ќе се вратат поради ново кривично дело.

Некои од затворениците велат дека воопшто не ги ни виделе своите воспитувачи и оти тие се занимаваат со административни работи, наместо со нивна ресоцијализација.

Нешоска не се согласува со тврдењата на некои од осудениците дека воопшто не ги виделе своите воспитувачи.

- Јас бев внатре, имав група од 120 затвореници. Знам кога некој зборува на телефон, кога му е лошо. Но сепак има и друга страна, ако на некој не му излезеш во пресрет и не му исполниш некоја желба, тогаш велат воспитувачот не ми обрнува внимание, додава Нешоска.

Во обрасците за затворениците се водат податоци за осудениците кои ги внесуваат воспитувачите кои работат од првиот ден со нив, но се водат белешки и доколку самите избегнуваат каква било комуникација со вработените.

- Нема временска рамка за разговор со осуденикот, но еднаш неделно се разговара со секој затвореник, истакнува Јошевски.

Досега во Идризово на пример се спроведувале специфични програми за осуденици за сексуални деликти, за оние кои издржуваат долги и доживотни затворски казни и за жени. Тоа се модули што, во рамки на проект, се спроведуваа во повеќе затвори во земјава, меѓу кои и во затворот Скопје.

Јошевски очекува овие програми наскоро да стапат во сила и да бидат вклучени во редовните програми за ресоцијализација.

- Ние се обучивме според тие програми, проектот во женското одделение е сработен. За долгите и доживотните казни сме обучени, но немаме соодветни простории за сето тоа да го спроведеме. Станува збор за работа со група од најмалку девет до десет луѓе, се води дневник за активностите, програмата треба да спроведува пријатна атмосфера за да има ефект, а не третмат да се прави во некоја шупа, додава Нешоска.

Кадрите кои се вработени во Идризово немаат соодветно образование. Дел од нив имаат завршено географија, историја, Факултет за физичка култура, а повеќето од нив се социјални работници.

Дел од воспитувачите биле ангажирани да ги дообразуваат осудените лица, кои немаат завршено основно образование, па наместо да плаќаат надвор дообразување кадрите биле искористени за таа намена. Некои од нив држеле настава по струката, што ја имаат. Но голем дел од нив не сакаа да им пишува на дипломите дека завршиле во КПД Идризово, така што почнала соработка со Работничкиот универзитет Кочо Рацин, од каде добиваат диплома за завршено основно образование.

- Сепак во моментов училницата, каде се вршеле образување на затворениците е зафатена со осуденици. Чекаме во секој момент да се преселиме, за да се продолжи процесот на образување, додава Нешоска.

Додава дека прават се што можат во условите во кои работат.

- Ниту условите на вработените не се нешто подобри од условите во кои престојуваат осудениците. Едно време бевме во една просторија, во која се греевме на ќубме на дрва, а ако немавме дрва си седевме на студено. Сепак, работевме со затворениците, во ниту еден момент никој од нив не беше пропуштен. Ниту еден не е заборавен за годишен одмор, за одење дома, за пакет, за која било погодност. Тие работи одат преку воспитувачот. Две посети и еден пакет гарантира државата, останатите погодности одат со одобрение на воспитувачот, додава таа.

**Слободното време на затворениците**

Еден од поголемите проблеми, според Нешоска, е слободното време на осудениците.

- Тие имаат премногу слободно време, треба да се работи со нив за правилно да го искористат нивното слободно време, додава таа.

Затворската економија е во прекин. Препород и економија моментално се наоѓаат во независна положба, во еден вид стечај.

- Економија не работи осум години, во рамки на овој сектор функционираа краварство, овчарство, млекара, свињара. Сето тоа функционираше до 2007 година, а потоа полека почнаа да се укинуваат. Дрвната индустрија беше дел од Препород, но ниту тука ништо не работи, во однос на дрвенаријата може малку нешто се работи додека имаме материјали, клупи, каучи, но салонот за мебел е празен, појаснува Нешоска во разговор за МИА.

Самите осуденици, сепак, сакаат да бидат ангажирани, бараат работа во затворот, каде времето не поминува доколку не се ангажираат во некои активности.

- Очекуваме сето тоа да профункционира. Ниту еден осуденик не одбил работа, самите бараат нешто да работат. Тие не се виновни, виновна е пренатрупаноста, нема каде да се работи, нема простории за едукација, вели Нешоска.

Во затворот Скопје отворениот и полуотворениот дел се еден до друг а затворениците се движат заедно во ист круг, кој е издвоен од затворениот дел.

Во отворениот дел затворениците можат да користат спортски терен, библиотека, а во близина е и механичарска работилница во која се сервисираат дел од помалите дефекти на возилата кои ги поседува затворот. Во собите затворениците се сместени по три до четири лица, во кои хигиената ја одржуваат сами, а во секоја соба има телевизор.

Десет затвореници добија можност да посетат кино, мерка која ја најави директорот на затворот Ѓоко Котески заедно со министерот за култура Роберт Алаѓозовски, а која ќе преставува можност за подобра ресоцијализација и подобра атмосфера во затворот во Шутка.

Со мерките се предвидуваат посети на културно уметнички настани за најпримерните осуденици, збогатување на библиотеките, организирање работилници и културно уметнички настани за самата установа од осудениците и со гости уметници.

Директорот Котески најави реактивирање на работилниците во затворот со што ќе им се даде можност на затворениците да го исполнат слободното време.

Од затворската управа најавија нови вработувања во делот на затворот што ќе работи на препород и економија за затворениците за што веќе е побарано одобрение од Министерството за финансии.

**Ресоцијализцијата во Идризово најпроблематична, најголеми резултати во Штип**

Од Управата за извршување санкции како најпроблематична ја посочија ресоцијализација во Идризово, а најмногу ги пофалија активностите што во таа насока се спроведуваат во затворот во Штип.

Велат дека со решавањето на проблемот со пренатрупаноста во затворите се отвора просторот за решавање и на другите прашања.

Директорот на Управата за извршување санкции во разговор за МИА Јовица Стојановиќ е задоволен како се одвиваат работите во однос на подобрување на состојбата во затворите во Македонија, а во однос на неофицијалната бројка дека 60 проценти од затворениците прават рецидив вели дека такви случаи има, секако затворските услови се една од причините, но не и единствената.

Тука во прашање се и други фактори, самата личност, семејството, начинот на живот, поддршката што ја имаат по излегување од затворот. Вели дека точната бројка на рецидивисти не се знае поради тоа што нема систем за следење на таа состојба.

Од Управата посочуваат дека изминатите години се спроведени повеќе проекти за обука на вработените за процесот на ресоцијализица, но и проекти за самите осуденици, во кои биле вклучени дел од нив.

**Ана Цветковска**

**Борис Куноски**